РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-450/9
18.09.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 123 став (1) и член 126 (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барање за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола бр.12-450/1 од 26.04.2023 година од страна на Друштво за производство на вино РИГО ИМПЕКС ДОО Скопје, со седиште на ул. Наум Наумовски – Борче бр. 40, Скопје – Центар, а по спроведена постапка за издавање на Б – Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за издавање на Б – Интегрирана еколошка дозвола**

1. **СЕ ИЗДАВА** Б – Интегрирана еколошка дозвола на Друштво за производство на вино РИГО ИМПЕКС ДОО Скопје, со седиште на ул. Наум Наумовски – Борче бр. 40, Скопје – Центар за инсталација винарија за производство на вино во Валандово на в.м Падарница, с. Дедели, Валандово.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** операторот на инсталацијата Друштво за производство на вино РИГО ИМПЕКС ДОО Скопје, при користење и управување со инсталацијата за винарија за производство на вино, да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б – Интегрираната еколошка дозвола.

3. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштво за производство на вино РИГО ИМПЕКС ДОО Скопје, до Градоначалникот на Општина Валандово поднесе барање бр. 12-450/1 од 26.04.2023 година за добивање на Б – Интегрирана еколошка дозвола за инсталација за винарија за производство на вино во Валандово на в.м  Падарница, с. Дедели, Валандово – инсталација за обработка и преработка наменета за производство на храна од растителни суровини, со капацитет на производство на готови производи од 30 до 300 t/ден .

Надлежниот орган изготви пресметка за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање Б – Интегрирана еколошка дозвола и достави до барателот Налог за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање на Б – Интегрирана еколошка дозвола. Износот на надомсеток беше пресметан согласно Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б – Интегрирана еколошка дозвола („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 117/07, 64/10 и 186/16).

Барателот изврши уплата на надоместок при поднесување на барање за добивање на Б – Интергирана еколошка дозвола и достави доказ за извршена уплата.

Надлежниот orган изготви Објава на барањето за Б - Интегрирана еколошка дозвола со број 12-450/2 од 26.04.2023 година и до барателот достави Известување за објава во дневен печат на барањето со бр.12-450/3 од 28.04.2023 година.

Барателот го објави барањето во дневен печат на ден 11.05.2023 година и истото беше објавено на веб страната на Општина Валандово www.valandovo.gov.mk.

По истекување на законскиот рок од објавата во дневен печат и на веб страната на Општина Валандово, од страна на барателот и засегнатата јавност немаше никакви забелешки кон барањето за добивање на Б – Интегрирана еколошка дозвола и надлежниот орган достави известување за посета на инсталацијата до барателот со број 12-450/4 од 10.05.2023 година.

Од извршениот увид во инсталацијата направен е записник со број 12-450/5 од 25.05.2023 година.

Надлежниот орган по разгледување на доставеното барање и извршениот увид донесе Заклучок со број 12-450/6 од 25.05.2023 година со кој констатира дека правниот субјект ги исполнува условите за добивање на Нацрт Б – Интегрирана еколошка дозвола.

Надлежниот орган на 31.08.2023 изготви Нацрт дозвола со бр.12-450/7.

Надлежниот орган Нацрт дозволата ја објави на веб страната на Општина Валандово и до барателот ја достави изготвената нацрт дозвола во печатена форма.

По истекување на законскиот рок од објавата на веб страната на Општина Валандово, од страна на барателот и засегнатата јавност немаше никакви забелешки по изготвената нацрт дозвола.

Надлежниот орган врз основа на целосното барање, по завршувањето на целокупната постапка и согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животна средина, утврди дека барателот ги исполнува условите за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола.

Б – интегрираната еколошка дозвола ќе се објави на веб страната на Општина Валандово и во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, при што објавата во дневниот весник е на трошок на барателот, а согласно член 113 и член 122 став (4) од Законот за животната средина.

Врз основа на горенаведеното надлежниот орган одлучки како во диспозитивнот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно член 126 став (2) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 89/22 и 171/22), против ова решение може да се поднесе жалба во писмена форма до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесување на решението.

Доставенно до: -Барателот
-Овластен инспектор за животна средина и
-Архива
-Министерство за животна средина и просторно планирање

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**Градоначалник**
**ПЕРО КОСТАДИНОВ**

Изработил: Боги Удавалиевски
Контролирал: Анита Трајкова
Одобрил: Ѓоко Аврамски